**Отворени прашања и препораки од работилниците на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (17 и 23.2.2021) за кои треба да се произнесат членовите на Советот**

**Измена на Одлуката за формирање на Советот**

1. Промена на името во Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

2. Прецизирање на надлежностите (член 2) со фокус на стратешки прашања за овозможувачка средина за развој на граѓанското општество

2.1. алинеја 1 се менува во „ја следи и анализира јавната политика која влијае на околината во која се развива граѓанското општество"

2.2. алинеја 4 се менува во „спроведува активности за подигање на свеста за промовирање на култура на соработка и партнерство"

2.3. алинеја 5 се дополнува со „преку разгледување на квартални извештаи за напредокот на спроведувањето на Стратегијата"

2.4. алинеја 8 се дополнува со „врз основа на елаборирана секторска анализа на надлежните органи на државна управа"

2.5. алинеја 10 се менува во „разгледува предлози поднесени од организации и зазема ставови по прашања поврзани со овозможувачка средина за организациите"

2.6. се додава нова алинеја 12 „номинира претставници на граѓанскиот сектор во советодавни и работни тела"

3. Се воведуваат Заменици членови

4. Одделението за соработка со НВО – член со право на глас

5. Престанок на членување поради отсуство од 3 последователни седници

**Измена на Деловникот за работа на Советот**

6. Се воведува Годишен план за работа на Советот

7. Генерален секретаријат обезбедува буџет за активности (видливост) на Советот

8. Седниците започнуваат со извештај за реализација на заклучоците од претходната седница